Ветеринарно сточарски центар
А.Д. ТОДОР ВЕЛКОВ
Бр. 03-30
16.02.2024 год.
КУМАНОВО

Република Северна Македонија
ОПШТИНА ЧЕШИНОВО-ОБЛЕШЕВО
Бр. 03-349/1
16-02-2024 год.
ОБЛЕШЕВО

ДОГОВОР
За јавна набавка

За заловување и стручен третман на бездомни и нерегистрирани кучиња на територија на општина Чешиново-Облешево за период од 1 година

Склучен на ден 16.02.2024 год. , во Облешево помеѓу следните Договорни страни:

1. **Општина Чешиново-Облешево** со седиште на ул.Маршал Тито бб од **Облешево ,** застапувана од Градоначалникот **Далибор Ангелов**, (во понатамошниот текст договорен орган – корисник на услуги) од една страна и
2. **АД Ветеринарно Сточарски Центар Тодор Велков Куманово** со седиште на ул.. Доне Божинов бр.бб, застапуван од управителот Зоран Пешевски (во понатамошниот текст Економски оператор -давател на услуга), од друга страна.

Предмет на договорот
Член 1

Предмет на овој Договор е : ***Заловување и стручен третман на бездомни и нерегистрирани кучиња на територија на Општина*** **Чешиново-Облешево** , врз основа на единствена прифатената понуда по спроведена постапка за јавна набавка со Набавка од мала вредност со објавување на **оглас бр.00801/2024** , сукцесивно во рок од една година од денот на потпишување на договорот и Техничката спецификација што е во прилог на договорот.

Вредност на набавката
Член 2

Предметот на набавка од член 1 на овој Договор е детално опишан во техничката спецификација, составен дел на тендерската документација бр.05-160/1, изработена од Набавувачот, а по Одлука за јавна набавка бр.09-159/1 од 25.01.2024 год., за спроведување на Набавка од мала вредност, со користење на електронски средства преку Електронскиот систем за јавни набавки со е-Аукција, како последна фаза за доделување на договорот за конкретната јавна набавка.
Договорот за јавна набавка се склучува врз основа на единствена прифатлива понуда бр.05-228/1 од 02.02.2024 год., поднесена од Носителот на набавката , по Огласот за доделување на договор за јавна набавка бр. 00801/2024 објавен на ECJH на ден 25.01.2024 год., а врз основа на Одлуката за избор на единствена прифатлива понуда број 09-243/1 од 05.02.2024 година, донесена од одговорното лице на Набавувачот.
Вкупниот износ на набавката е добиен по пат на поднесена единствена прифатлива понуда и изнесува вкупно **=10.058,00 денари (без вклучен ДДВ).** (десетилјадиипеесетиосумденари) збир од сите поединечни ставки опишани во спецификацијата составен дел од понудата,без пресметан ДДВ.
За предметната набавка се планирани финансиски средства во **вкупен износ до 50.000,00** денари (пеесетилјадиденари) без пресметан ДДВ.
Средствата се обезбедени од Буџетот на општина Чешиново-Облешево.
Набавката ќе биде сукцесивна, за вршење на услуги според потреба на Набавувачот.
Набавката ќе биде сукцесивна по потреба на договорниот орган и плаќањето ќе биде исклучиво за услуга која е нарачана и извршена .
- ДО го задржува правото Договорот да не го реализира во целост туку во зависност од потребите.

Договорот се склучува на определено време (за набавка на услуги во текот на една година) , сметано од потпишување на договорот.

Начин на плаќање
Член 3

Плаќањето ќе се врши одложено во рок од **60** дена од денот на доставување на фактура и спецификација за извршените услуги, потпишани од назначено лице од страна на договорниот орган.

Обврски на носителот на набавка – давател на услуга

Член 4

Носителот на набавка – давател на услуга се обврзува услугите од член 1 на овој Договор да ги извршува со лица вработени на неопределено време и стручно оспособени (Лиценца ДВМ, Сертификати за заштита и благосостојба на кучиња скитници, Сертификат за анестезија и реанимација на животни,Сертификат за хумано фаќање и манипулирање со кучиња и управување со прифатилиште, Сертификар за социјализација на кучиња).

Носителот на набавка – давател на услуга се обврзува услугите од член 1 на овој Договор да ги извршува со користење на мамци – храна , мрежи, кафези, специјални стапови со сајла (омча) , амазонки дувалки, а заловените кучиња да ги смести во кафези и транспортира со моторни возила до објектите – прифатилиштата во кои секојдневно ќе им обезбеди хранење и напојување за времето додека се сместени во истите.

Носителот на набавка – давател на услуга се обврзува во објектите – прифатилиштата да обезбеди елементарна заштита на кучињата од непогодни временски услови и да се обезбеди нивно ефикасно затварање согласно важечките законски одредби за заштита на животните и правилниците донесени од надлежните институции.

Носителот на набавката-давател на услуги, заловувањето на кучиња скитници на територија на општината го врши исклучиво во присуство на лице- претставник на давателот на услугите, односно лице задолжено за комуналниот ред на јавните површини.

Носителот на набавка – давател на услуга не превзема никакви обврски доколку кучињата скитници направиле или направат штета на лица или имот пред заловување и по нивно враќање на место на заловување.

Носителот на набавка – давател на услуга презема обврски да ја почитува и следи Програмата за решавање на проблемот со кучињата скитници на општина Чешиново-Облешево .

Носителот на набавката во прифатилиштето треба да обезбеди ветеринарна заштита за животните, да има склучено договор со ветеринарна организација која е регистрирана согласно прописите од областа на ветеринарното здравство или да има свое ветеринарно друштво.

Прегледот и медицинскиот третман се вршат во ветеринарна амбуланта, станица или болница кои треба да се регистрирани или одобрени од надлежен орган во согласност со прописите од ветеринарно здравство.

По приемот животните во прифатилиштето треба да ги прегледа доктор по ветеринарна медицина, кој треба да изврши проценка и селекција на животните и тоа на :

- животни кои се погодни за оjаловување и кастрација кои треба превентивно да се заштитат согласно прописите од ветеринарното здравство,
- животни кои на себе имаат специфични и видливи обележја од кои може да се утврди дека имаат сопственик, кој веднаш треба да се извести и
- животни кои страдаат, се стари и изнемоштени, прекумерно агресивни или повредени до тој степен што лечењето ќе биде долго и со несигурна прогноза и треба веднаш да се еутанизираат.

Докторот по ветеринарна медицина вработен или ангажиран од носителот на набавка – давател на услуга, во зависност од конкретната потреба и согласно прописите од областа на ветеринарното здравство, ќе врши еутаназија, стерилизација, вакцинација и дехелминтизација на заловените кучиња.

Постапката за еутаназија треба да се врши со средства за хумана еутаназија и тоа во следните случаи:

- кога кучето е заболено од заразна или паразитска болест која може да се пренесе на други животни или луѓе, животното е заболено од други болести кај кои лечењето е долго и со несигурна прогноза, тешко повредени кучиња, кучиња кои видливо страдаат или се стари и изнемоштени,
- кога животните претставуваат опасност кон луѓето или другите животни и
- кога животните поминале минимален временски период потребен за исцрпување на можност за домување

Носителот на набавката треба да изврши транспорт и одлагање на трупот и остатоците на депонија на посебно определена локација, за што треба да има склучено договор со операторот на депонијата.

Кучињата што се вдомуваат и враќаат на место на заловување треба да покажат негативен резултат на Лашманија и да се идентификуваат со микрочип.

Носителот на набавка – давател на услуга се обврзува да води евиденција за извршените услуги., а до Општината доставува квартален извештај најдоцна до 5-от ден во месецот за изминатиот квартал . За извршени услуги на крајот на годината дава Конечен извештај.

Обврски на договорниот орган – корисник на услуга

Член 5

Договорниот орган – корисник на услуга се обврзува да ја исплаќа вредноста на извршените услуги според цената и условите наведени во членовите 2 и 3 од овој Договор.

Договорниот орган – корисник на услуга превзема обврски доколку кучињата скитници направиле или направат штета на лица или имот на територија на општината пред заловување и по нивно враќање на место на заловување истата да ја регулира со оштетената страна.

Договорниот орган – корисник на услугите во писмена електронска форма доставува барање за заловување на кучиња.

Договорниот орган. -корисник на услуги за заловување на кучиња скитници на територија на општината обезбедува присуство на лице-преставник на давателот на услугите односно лице задолжено за комуналниод ред на јавните површини.

Договорниот орган -корисник на услуги за завршена работа заловување и враќање на кучиња прави Записник кој се потпишува од двете договорени страни.

Доколку носителот на набавка – давател на услуга не се придржува кон обврските од овој Договор, договорниот орган – корисник на услугата може едностранo да го раскине Договорот.

Рок на извршување на услугите

Член 6

Носителот на набавката е должен да ги изврши услугите предмет на договорот сукцесивно по потреба на договорниот орган , согласно законските прописи .

Носителот на набавката е должен да ја изврши услугата веднаш по доставување на писмен налог (електронски) од овластено лице од страна на договорниот орган и посочување на локацијата на движење на кучето скитник.

За неизвршување на услугите во утврдениот рок, договорот може да биде раскинат и носителот на набавката ќе има обврска да плати договорна казна во висина од 20% од вредноста на услугите, предмет на договорот за јавна набавка согласно Законот за облигациони односи.

За ненавремено извршување на услугите во утврдениот рок, носителот на набавката ќе има обврска да плати договорна казна во висина од 1% од вредноста на услугите, за секој ден задоцнување согласно Законот за облигациони односи.

Носителот на набавката може да падне во задоцнување најмногу 1(еден) ден. Доколку носителот на набавката падне во задоцнување со извршување на услугите повеќе од 1 (еден) ден ќе се смета дека услугите не се извршени и ќе се наплати договорна казна за неизвршување на услугите.

Гаранција за квалитет

Член 7

Изведувачот се обврзува дека квалитетно ќе ги извршува услугите кои се предмет на овој Договор и во согласност со прифатените стандарди и нормативи за извршување на таков вид на услуги.

Заеднички одредби

Член 8

За се што не е предвидено со овој Договор, ќе важат одредбите одТендерската докуменрација , Законот за благосостојба на животни и подзаконски акти како и Законот за облигациони односи.

Член 9

Овој договор може да се измени или дополни само со взаемна согласност на договорните страни.

Член 10

Договорните страни се согласни евентуално настанатите спорови да ги решаваат првенствено спогодбено, а доколку спорот не го решат, надлежен за решавање е Основниот суд Кочани .

Член 11

Овој договор е направен во 6 (шест) еднообразни примероци, од кои по 3 (три) за секоја од договорните страни.

Договорен орган :

Општина Чешиново-Облешево
Градоначалник

Далибор Ангелов

Носител на набавка :

АД Ветеринарно сточарски центар
Тодор Велков-Куманово
Управител,
Зоран Пешевски

Прилог: Понуда со Спецификација бр.05-228/1 од 02.02.2024 год.

Изготвил:Љијанка Андонова

Zoran Peshevski

Digitally signed by Zoran Peshevski
Date: 2024.01.31 10:22:22 +01'00'

02. 02. 2024
05 228/1

Прилог 1 - Образец на понуда

[меморандум на понудувачот]

Врз основа на огласот број 00801/2024 објавен од страна на Општина Чешиново-Облешево за доделување на договор за јавна набавка - *набавка на услуги - Заловување и стручен третман на бездомни и нерегистрирани кучиња на територијата на општина Чешиново-Облешево за период од 1 година (повторен)* со спроведување на постапка за Набавка од мала вредност, со електронска аукција преку Електронскиот систем за јавни набавки (https://www.e-nabavki.gov.mk) и на тендерската документација, ја поднесуваме следнава:

П О Н У Д А

Дел I – Информации за понудувачот

I.1. Име на понудувачот: А.Д.ВЕТЕРИНАРНО СТОЧАРСКИ ЦЕНТАР ТОДОР ВЕЛКОВ

I.2. Контакт информации

- Адреса: Доне Божинов бр.бб
- Телефон: 070/381709
- Факс: _____
- Е-пошта: vsctv@mt.net.mk
- Лице за контакт: Зоран Пешевски

I.3. Одговорно лице: Зоран Пешевски

I.4. Даночен број: 4017956125566

I.5. Матичен број: 4028490

I.6. Жиро сметка: 210-0402849001-30

Дел II – Техничка понуда

II.1.Согласни сме да ги понудиме следниве услуги - *набавка на услуги - Заловување и стручен третман на бездомни и нерегистрирани кучиња на територијата на општина Чешиново-Облешево за период од 1 година(повторен) .*

II.2. Ги прифаќаме начинот и рокот на изведување утврдени во тендерската документација.

Дел III – Финансиска понуда

	1	2	3	4	5	6
Ред. бр.	**Опис**	**Един. мерка**	**Количина**	**Единечна цена без ДДВ**	**ДДВ**	**Единечна цена со ДДВ**
1	Заловување на куче скитник со јамка и транспорт до прифатилиште	број	1	250,00	45,00	295,00
2	Заловување на куче скитник со пушка-анестезија и транспорт до прифатилиште	број	1	1.600,00	288,00	1.888
3	Дневен трошок за престој на куче во прифатилиште	број	1	250,00	45,00	295,00
4	Лабораториско испитување на Лајшманија	број	1	635,60	114,40	750,00
5	Вакцинирање против беснило и антипаразитен третман	број	1	660,00	118,80	778,80
6	Кастрација / Ојаловување на машки кучиња	број	1	1.694,92	305,09	2.000,01
7	Кастрација (оварио-хистероктомија) на женски кучиња	број	1	2.372,90	427,12	2.800,02
8	Идентификација со чип	број	1	800,00	144	944,00
9	Идентификација со ушна маркица	број	1	100	18	118,00
10	Еутаназија (безболно усмртување)	број	1	1.694,92	305,09	2000,01
	Вкупна единечна цена без ДДВ					10.058,34

Со зборови: Десет илјади педесет и осум запирка триесет и четири

[Во оваа точка понудувачот ги наведува стоките/услугите/работите кои ги нуди со сите потребни технички карактеристики на истите, а во согласност со техничките спецификации дадени во тендерската документација и ги наведува цените.]

III.1. Нашата понуда за набавка на услуги- *набавка на услуги - Заловување и стручен третман на бездомни и нерегистрирани кучиња на територијата на општина Чешиново-Облешево за период од 1 година (повторен)* , вклучувајќи ги сите трошоци и попусти, без пресметан ДДВ, изнесува 10.058,34 **[со бројки] , (Десет илјади педесет и осум запирка триесет и четири) [со букви] денари.**

Вкупниот износ на ДДВ изнесува **1.810,50** денари.

III.4. Нашата понуда важи за периодот утврден во тендерската документација. Се согласуваме со начинот на плаќање утврден во тендерската документација.

III. 5. Со поднесување на оваа понуда, во целост ги прифаќаме условите предвидени во тендерската документација.

Место и датум
Куманово, 31.01.2024 година

Одговорно лице
Зоран Пешевски
(потпис и печат) *

**Овој образец не се потпишува своерачно, туку исклучиво електронски со прикачување на валиден дигитален сертификат чиј носител е одговорното лице или лице овластено од него.*
Доколку понудата ја потпишува овластено лице од понудувачот, задолжително приложува и Овластување за потпишување.